Објавено **10 јануари 2014, 09:22**, во Коментари

Share |

**... Позицијата на Капитал ...**

# КОЈ, КОЛКУ, ЗОШТО ДОБИЛ ДРЖАВНА ПОМОШ НЕ ЗНААТ НИ РЕВИЗОРИТЕ

Александар Јанев



**Ако не ги убедите државните ревизори дека странските инвеститори што добиваат милиони евра државна помош, за возврат ги исполниле обврските како на пример висината на инвестицијата или бројот на отворените работн места, а згора на тоа ниту следите дали инвеститорите ги реализираат потпишаните договори, тоа се вика расипништво, а не државна помош**

Ако не ги убедите државните ревизори дека странските инвеститори што добиваа милиони евра државна помош, за возврат ги исполниле обврските како на пример висината на инвестицијата или бројот на отворените работни места, а згора на то ниту следите дали инвеститорите ги реализираат потпишаните договори, тоа се вика расипништво, а не државна помош и поттикнување на странските инвестици Државниот завод за ревизија откри сериозни пропусти во доделувањето на државна помош за странските инвеститори што отворија фабрики во технолошко индустриските зони. Па така, државните институции не доставувале извештаи за исплатената државна помош во законскиот рок со што нема целосна евиденција колку пари од буџетот и кај кои странски фирми завршиле, некои од инвеститорит барале државна помош со неуредна документација, се прифаќале различни докази за ист вид државна помош.

Тоа што постојано го забележуваат и домашните бизнисмени го докажаа и државните ревизори: некои странски инвеститори дополнително ја злоупотребувале позицијата што добиваат пари од буџетот и ја поттикнувале нелојалната конкуренција во земјава, бидејќи утврдено е дека производите ги продавале и на домашниот пазар, иако тоа е забрането со закон. Самите ревизори потврдуваат дека со тоа тие стануваат поконкурентни на пазарот заради пониска цена или, пак, остваруваат екстра профит.

Дека станува збор за голема сума пари што од државата завршува кај странските фирми покажуваат пресметките на податоците од Годишните извештаи на Комисијата за заштита на конкуренцијата, според кои за шест години одвоени се 68 милиони евра. Тоа што државата со пари се обидува да ги намами странците да инвестираат овде и не е непозната стратегија, меѓутоа, кога станува збор за транспарентноста, тоа е она што фрла сомнеж. Ако е докажано дека единствен начин да привлечете странски инвеститор е да му ја изградите фабриката и да им плаќате придонеси на вработените, тогаш можеби оваа сума од 68 милиони евра дури е и недоволна. Меѓутоа, не може да не се знае колку секое евро од овие пари придонело да се зголеми вработеноста или пак да порасне производството и извозот!

И крајно време е да се поттикнат и домашните инвеститори со буџетски пари, како на пример субвенции за изградба на објектите за производство, набавки на опрема, или индиректна помош преку намалување на некои даноци и давачки. Како држава немаме воспоставено силна политика за развој на реалниот сектор, како што е на пример случ со субвенционирањето на земјоделството. Тоа е тоа што ни недостига! Инвеститорите мора да го добијат заслужени третман, без разлика дали се странски или домашни.